**20252494841**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 декември 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.26/25, 88/25, 109/25, 133/25 и 157/25), во член 2 став (2) во табелата во подмерката 1.2. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ алинејата 4 се менува и гласи:

„Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.1. од оваа уредба кои своето производство од пченица и јачмен го продале на регистрирани одгледувачи на добиток, како и го употребиле за сопствени потреби за исхрана на добиток регистриран со регистарски број на одгледувалиште во Регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство. Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи, односно 100 кокошки, мисирки, гуски, патки или бисерки.“.

Во алинејата 5 зборовите „1.500 кг./ха за сончоглед“ се заменуваат со зборовите „1.000 кг./ха за сончоглед“.

Во став (3) во табелата во подмерката 2.6. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ алинеите 2 и 3 се бришат.

Член 2

Во член 3 ставот (5) се менува и гласи:

„Реализацијата на подмерката 2.4. од членот 2 став (3) од оваа уредба ќе се врши врз основа на податоци за предадени грла говеда за период од мај 2024 година до април 2025 година, а за подмерката 2.1. од членот 2 став (3) за говеда од оваа уредба ќе се врши врз основа на податоци за предадени грла говеда за период од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги достават регистрираните кланични капацитети во Република Северна Македонија до 31 јануари 2026 година.“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-10637/8
11 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Комисијата
и заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.